**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6003 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 11 до 20 ноември, од десетте мониторирани изданија на радио-дневникот од 16 часот, за анализа се селектирани – 2 часа 21 минута и 19 секунди. Вкупното мониторирано време е на границата од исполнувањето на минималниот двочасовен квантум актуелни, општествено-политички информации. Повторно, како и во претходните извештаи, според покажаниот новинарски интерес најзастапена статистичка категорија – со 43 минути, се активностите на различни чинители на општествените процеси што не се директно поврзани со партиски или стриктно со институционален политички ангажман, а опфатени се во ставката - „други субјекти“, во кои се вбројуваат: стопанските комори, синдикатите од различни општествени

дејности, Црвениот крст, уметници и културни институции/организации, професионални агенции за испитување на јавното мислење, Регулаторната комисија за енергетика, здруженија на возачите, МАНУ, високообразовни институции, новинарски организации, хуманитарни организации, Народниот правобранител. Содржински, медиумски најопсежен третман добија – манифестациите за чествување на „Денот на албанската азбука", со широк зафат теми од образованието, уметноста, културата и од научно-образовната дејност на Албанците во Република Македонија.

Втора по застапеност е статистичката ставка – „амбасадори / меѓународни организации / странски политичари", а ги опфаќа коментарите и дипломатските гледишта за демократските процеси во македонската внатрешно-политичка сцена, учеството на меѓународни политички, образовни и безбедносни организации (*ОБСЕ, ММФ, Светска банка, ЕК, коментари од странски медиуми и некогашни дипломати со служба во Република Македонија; и сл.*) во заеднички проекти со македонски државни институции (*Министерството за образование и наука; Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство; Министерството за економија;*) или со домашни научно-образовни институции и граѓански организации (*МАНУ; Здружението на албанските писатели од дијаспората; Тетовскиот универзитет; Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Република Македонија; Транспарентност Македонија; и сл.*).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:04 | 0,75 | % |
| СДСМ | 00:01:04 | 0,75 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:27 | 2,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:29 | 1,05 | % |
| Беса | 00:00:34 | 0,40 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:19 | 0,23 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:34 | 0,40 | % |
| ДИК и други органи | 00:16:59 | 12,02 | % |
| Влада на РМ | 00:12:26 | 8,80 | % |
| Други субјекти | 00:43:12 | 30,57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:48 | 5,52 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:25 | 0,30 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:25 | 0,30 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:25 | 0,30 | % |
| Левица | 00:00:25 | 0,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:02 | 8,51 | % |
| Без субјекти | 00:04:50 | 3,41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:37 | 15,29 | % |
| Привремена комисија | 00:00:58 | 0,68 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:14 | 2,28 | % |
| Судство | 00:01:54 | 1,34 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:20 | 0,95 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:48 | 3,40 | % |
| | **Вкупно: 02:21:19** | **100** | **%** |

Прилозите чија содржина се – предвремените парламентарни избори, доминантно се поврзани со организациските работи околу изборниот процес што ги спроведува Државната изборна комисија, а во фокусот на новинарскиот информативен интерес (*вести, во низа / извештаи*) беа – потврдувањето или отфрлањето на листите со кандидати за пратеници, утврдувањето на локациите и правилата по кои ќе гласа дијаспората, финалниот изглед на гласачкото ливче, и Кодексот за ненасилство што им беше предложен на партиските лидери - учесници во изборната кампања. За посебните партиски активности беше известувано редовно, но најчесто преку куси вести, изјави и извештаи, а приоритет добија финалните кандидатски листи и договорите околу формирањето коалиции за настап пред гласачкото тело, па оттаму во статистиката се појавува минутажа и за партиите носители на коалициските изборни активности, и за чинот / настанот на кој е утврден партискиот состав на коалициите.

Од темите со пошироко општествено-политичко значење, проследени се официјалните ставови на министрите за евроинтеграции и за надворешни работи, како и на делови од бизнис и академската заедница, во однос на Извештајот на Европската комисија за демократскиот напредок на Република Македонија, и детален извештај од прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство за новоотворената истрага именувана „Таргет".

Забележителна информативна минутажа во десетдневниот период од 11 до 20 ноември добија и граѓанските асоцијации, нивните иницијативи и проектни активности, а меѓу пообемните новинарски прилози на оваа тема се вбројуваат: Маршот за толеранција одржан во Скопје, под мотото „Омразата е слабост", организиран од Хелсиншкиот комитет; научната конференција на Здружението на албанските стоматолози; реакцијата на НВО „Мајка и дете" за привременото затворање на комбинатот „Југохром"; барањето на Унијата на средношколците Албанци за поголема вклученост во одлуките за образовниот процес; активности на Националниот центар на Ромите; одбележувањето на „20 Ноември – Светскиот ден на детето", реализирано преку неформалната детска амбасада „Меѓаши".

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:02:34 | 10,25 | % |
| Влада на РМ | 00:03:55 | 15,64 | % |
| Други субјекти | 00:09:35 | 38,26 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:52 | 11,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:49 | 3,26 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:57 | 15,77 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:21 | 5,39 | % |
| | **Вкупно: 00:25:03** | **100** | **%** |

## ***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 11 ноември, од 9:30 часот, во емисијата „Отворен микрофон" се емитуваше дваесет и пет минутно интервју со Адмир Шабани, портпарол на ДИК, а тема беа завршните организациски работи околу изборниот процес.

*Програми што не се поврзани со изборите*

На 18 ноември, получасовното издание во емисијата „Отворен микрофон" беше посветено на „108 Годишнината од албанската азбука", а соговорници беа: Неби Дервиши, историчар, Муер Арслани, директор на спомен-куќата на албанската азбука во Битола, Скендер Хасани, директор на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје, и Бехиџудин Шехапи, државен секретар во Министерството за култура.

***Сектор за програмски работи***